# Кое дело му е најмило на Аллах?‘ Тој ми рече: ‚Намазот да се клања во негово определеното време.‘ Прашав: ‚А потоа?‘, тој одговори: ‚Добродетелството кон родителите.‘ Пак прашав: ‚А потоа?‘, Тој рече: ‚Борбата на Аллаховиот пат

Абдулах ибн Месуд, радијаллаху анху, рекол: „Го прашав Аллаховиот пратеник, алејхи селам: ‚Кое дело му е најмило на Аллах?‘ Тој ми рече: ‚Намазот да се клања во негово определеното време.‘ Прашав: ‚А потоа?‘, тој одговори: ‚Добродетелството кон родителите.‘ Пак прашав: ‚А потоа?‘, Тој рече: ‚Борбата на Аллаховиот пат‘. Тоа ми го одговори Аллаховиот пратеник, алејхи селам, а да го прашав уште ќе ми одговореше со уште повеќе.“
[صحيح] [متفق عليه]

Прашан е Пратеникот, алејхи селам, кое добро дело Аллах најмногу го сака? Тој одговорил: Фарз намазот да се клања во неговото време кое е одредено со верозаконот. Потоа, добродетелство кон родителите, да покажеш добрина кон нив, да внимаваш на нивните права и да не бидеш непослушен кон нив. Следно е борбата на Аллаховиот пат, за да се воздигне Аллаховиот збор, за да се одбрани верата ислам и неговите следбеници, за да се манифестираат исламските обреди, жртвувајќи го животот и имотот на тој пат. Ибн Месуд, радијаллаху анху, рекол: Ме извести за овие дела; да прашав пак: А потоа кое?, тој ќе одговореше.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee